**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1574/51
Датум: 3.7.2013 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на членот 45 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 3.7.2013 година донесе

# О Д Л У К А

за давање стипендии во прва година

1. Им се дава стипендија во висина од надоместок на школарината во висина од 200 евра, во денарска противвредност на сите студенти запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во прва година во учебната 2013/2014 година кои како ученици:

- во текот на своето средно образование освоиле прво место/награда на државните натпревари или на државната смотра на Народна техника по некои од следниве предмети: математика, физика, информатика, електротехника, автоматика или од други области што се негуваат на Факултетот;
- во текот на своето средно образование освоиле прва, втора или трета награда на меѓународни олимпијади на знаења, балкански, или светски првенства по некои од следниве предмети: математика, физика или информатика.

2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се при уписот да приложат оргинал документ за освоеното место на соодветниот натпревар.

3. На секој корисник на стипендијата утврдена со оваа одлука му се издава посебно решение. Примерок од решението се чува и во досието на студентот.

4. Одлуката да се достави до: Службата за студентски прашања, студентска огласна табла, веб страницата на факултетот, ННС, продеканот за настава, секретарот и архивата на Факултетот.

Декан
проф.д-р Миле Станковски